

# ХАРИЗМА

женско списание

ОКТ-ДЕК 2023

година 27

# СОДРЖИНА


3
НЕ ПРОПУШТАЈ

5
БОЖЈОТО СОВРШЕНСТВО

6
СВЕТЛИНАТА ВО ТЕБЕ

8
РААВ - ЖЕНИ НА НАДЕЖ

11
КОГА СÈ ЌЕ СЕ ПРОМЕНИ

14
ЛЕКЦИЈА ОД МАРИЈА

18
ИЗВЕШТАЈ ОД ОДМОРОТ ЗА ЖЕНИ

25
ПРОМЕНА НА ПЕРСПЕКТИВАТА

# НЕ ПРОПУШТАЈ



Колку и да е ,,невозможно''
убав мој човеку
Не ја пропуштај насмевката, и
раката подадена, прегратка
која ги собира солзите, и
зборот кој ја подига
длабочината! Не пропуштај да
го чуеш твоето срце, да се
спуштиш по скалите на твоите
верувања, да си кажеш колку
сум убава пред огледалото на
твојот поглед! Не пропуштај да
бидеш човек, да оставиш
запис, да пробудиш надеж, не
го пропуштај ова убав мој
човеку колку и да ти изгледа
бескорисно, недоволно,
застарено, минато и неважно,
не пропуштај го она што те
оживува, што те подига, што те
исцелува, што те менува, што
те воскреснува! Не ја
пропуштај љубовта за себе и
другите! Колку и да е денес
гужва во твоите мисли, во
твоите планови, во твоите
приоритети, во твоите часови,
не пропуштај да кажеш те
сакам, ти простувам, денес
нешто ново започнувам!

***Марија Бакиевска***



*На почетокот мислев дека треба сите да ги покајам. Но, во меѓувреме се научив дека мојата задача е да ги сакам. А, љубовта покајува ако и кога таа сака.*

*- Мајка Тереза*

# БОЖЈОТО СОВРШЕНСТВО

***Те прославувам затоа што сум чудесно создаден. Прекрасни се Твоите дела; душата моја тоа добро го знае. Ниедна моја коска не се сокри од Тебе, додека настанував во тајност, исткаен во длабините на земјата. Твоите очи го видоа зародишот мој и во Книгата Твоја сѐ е запишано за мене дури и деновите мои се забележани кога уште не постоеше ниеден. Колку ми се недостапни Твоите мисли, Боже, колку се многубројни! Псалм 139:14-17***

Го сакам овој дел од псалмот. Секогаш си претставувам како Бог застанал и мисли внимателно како точно да ја постави таа коска или да ја растегне онаа вена. Внимателно ги наместува жилите, коскичките и артериите и сите ги знае напамет. Ми ги наместува органите да се наредени правилно, за кога дишам, дијафрагмата да не ми ги прободе белите дробови, а тие да имаат доволно место да го зголемуваат обемот и да не се заглават во грлото.

А очите? Тие две мали вселени? А мозокот? Толку нервни клетки (околу 86 милијарди!) Јас не можам ни да изборојам до 86 милијарди! А Тој ги обликува и става информации во нив.

Бог ме создал со такво совршенство, што цел живот нема да можам и да имам време да го разберам.

А како Му се заблагодарувам за тоа совршенство?

Се грижам ли за моето тело ? Го пазам ли? Ми се допаѓа ли?

Или се подавам на стереотипите за убавина, коишто светот околу мене се обидува да ми ги наметне и на тој начин го заборавам Бог, повредувајќи го Неговото мило и добро срце?

***Живеам ли во слободата, која Бог ми ја дал, кога се прифаќам таква каква што сум?***

***Превод: Ребека Пенева***

# СВЕТЛИНАТА ВО ТЕБЕ

***„Твоето око е светило на твоето тело. Ако твоето око е здраво и чисто, и целото твое тело ќе биде светло; а ако биде лошо, и твоето тело ќе биде тем но; затоа внимавај светлината што е во тебе да не е темнина.“***
***Лука 11:34-35***

Беше божиќно утро. Станав од креветот, влегов во бањата и најдов остатоци од пена за бричење во мијалникот. Мразам кога не си ја чисти пената, си помислив. Се измив, се облеков и се качив горе, каде веднаш забележав стуткани завеси. Го мразам ова. Треба да ги поправам кога ќе ги завлече. Отидов во кујната да подготвам појадок и го најдов пешкирот свиткан во мијалникот наместо испружен да се исуши. Мразам.., и потоа застанав.



Тој ден требаше да го прославам најголемиот подарок на љубов што светот некогаш го добил, а јас постојано се лутев поради различниот начин на кој мојот сопруг и јас ги правиме работите. Мојот однос кон него не беше добар.

Тогаш решив да се сменам. Од ден на ден, барам Божја милост и љубов повеќе да гледам на моите грешки и да бидам потрпелива со другите.

Господи Исусе, помогни ни да научиме од Тебе како да бидеме толерантни и љубезни кон сите луѓе.

***Кога другите ќе ме нервираат, ќе се сетам дека Бог ги сака.***

Да се молиме за: тие кои ме дразнат со своите навики.

***Превод: Ребека Пенева***





# Раав

## - ЖЕНИ НА НАДЕЖ

- Моето срце не престанува да чука. Мојот здив е напрегнат - повеќе не можам да ги видам шпионите како трчаат во далечина. Ох, кога Бог што го расцепи морето би ги чувал Неговите извидници подалеку од очите на војниците што ги демнат. Секако дека ќе направи така!

Каков ден! Мажите кои влегоа во моите соби денес не беа такви какви што обично ги примам. Но, јас ги пречекав. За нив го излажав царот. Царот! Сепак мојот дух се издигнува! За прв пат се чувствувам слободна! Слободна да бидам јас. Слободно да живеам зад овој ѕид што ме држеше толку долго во заробеништво на моите околности.

Ах, мојот ум не престанува да се врти. Сака да знае ЗОШТО го предадов мојот народ и се ставив во опасност помагајќи му на непријателот. Но, мојот дух, моето срце - тие победуваат. Ме потсетуваат дека овие луѓе кои го следат единствениот вистински Бог - тие не се непријатели. Погледнете како ме третираа овој ден, како ветија дека ќе дојдат по мене и за моето семејство.

Со вера, го закачувам ова црвено јаже од мојот прозорец и го чекам спасот за кој копнеев, се молев - се надевав. Јахве, знам дека Ти си Бог горе на небото и долу на земјата. Затоа, останувам овде со скромно очекување за Твојот моќен потег.

Раав. Странец. Проститутка. Жена без маж да ја покрие или да се грижи за неа, која тоне во длабочините, правејќи го она што го правеа очајните жени во нејзиното време за да останат живи.

Приказните за една нација допираат до нејзините уши, трогателен бран на луѓе кои ги победуваат најтешките непријатели, најтешките пустини и најдлабоките морињa, додека се приближуваат до реката Јордан - не доаѓаат во мир, туку за да ја освојат нејзината нација (Исус Навин 2:10). Стравот го топи нејзиниот народ додека го очекуваат доаѓањето на Израелецот (Исус Навин 2:9).

Но, Раав ја обзема еден поинаков вид на страв - страв од Господ (Исус Навин 2:11). Токму оваа почит, оваа стравопочит кон Јахве ја поттикнува Раав да го направи незамисливото, да го ризикува својот живот, да го спаси непријателот и да го лаже кралот за сето тоа.

Со овој храбар потег, таа бара од извидниците, за возврат за нејзината тајност, да ја спасат неа и нејзиното семејство кога ќе се вратат да го победат Ерихон. И со тоа е постигнат договор.

Далечната, неверојатна надеж што никнала во срцето на Раав откако ги слушнала Божјите приказни, се отвора во полн цут на денот на пристигнувањето на извидниците. Така, додека ги гледа како трчаат во далечните ридови, таа знае дека приказните се вистинити, нејзината вера е добро поставена и нејзината надеж за живот меѓу Божјиот народ е возможна.

Кога храброста на нејзиниот народ ќе пропадне, Раав наоѓа сила во Бог за кој само слушнала. Кога нејзиниот народ ја враќа во ѕидините на нивниот град, во таа злогласна, мрачна и срамна професија, Раав стои цврсто со поинаков вид на професија - СО ВЕРА (Исус Навин 2:11).

Минатото исполнето со срам на Раав не само што е простено, туку и ја води во иднина која е благословена поради нејзината вера. Нејзината вера е таа што ја стави во најчесната, света генеалогија на целата вечност: Месијата. Исус Навин пишува дека Раав не само што ја избегнува смртта кога Ерихон е урнат, туку таа продолжува да живее меѓу Израелците до крајот на нејзините денови (Исус Навин 6:25). А, Матеј ги пополнува празнините: Раав се омажи во семејството на Јуда, за човек по име Салмон, и тие го имаат синот Вооз (Матеј 1:5) - оној кој станува прадедо на моќниот цар Давид.

Првото поглавје од Новиот завет засекогаш ја споменува жената која застанала на својата вера, наспроти сите шанси. И не било која жена – странската жена станува живо исполнување на Божјата изјава до Авраам дека сите луѓе ќе бидат благословени преку Израел (Битие 12:3). Раав докажува дека вратата на Божјото семејство е отворена за сите што веруваат (Јован 3:16).

Раав стои како светилник на надеж за нас, откривајќи дека верата е сè што ни треба за да останеме цврсти со храброст пред лицето на најлошото што светот го нуди - жива вера во Богот на небото и на земјата.

***Превод: Ребека Пенева***





# КОГА СÈ ЌЕ СЕ ПРОМЕНИ

Мојот удар пристигна со телефонскиот повик.

Јас и мојот свршеник Давид бевме во средина на планирањето на нашата свадба од соништата. Го имав светкавиот фустан, деверушите, црквата, музиката. Потоа, пет месеци пред нашата совршена свадба и две недели пред Божиќ, еден телефонски повик промени сè.

Брат ми ми ја пренесе трагичната вест: Давид доживеа чудна и фатална несреќа на работното место. Остатокот од ноќта беше нејасна додека плачев, лелекав и се фрлив на мојот дрвен под. Не можев да земам здив или да формулирам ниту една реченица што не завршуваше со прашалник. Зошто, Боже, зошто? Како можеше да го дозволиш ова? Каде си? Мислев дека ме сакаш?

Зарем не сакаме да добиеме известување, предупредување, нешто што ќе нè предупреди кога наеднаш сè ќе се промени? Но, животот не функционира на тој начин, а загубата неучтиво затропа на вратата за да види дали ова е добро време да го сврти животот наопаку.

Наместо тоа, загубата често се појавува со удар кој го менува животот и нè паѓа на колена, воздивнувајќи. Тоа може да биде катастрофален лекарски извештај, предавство од близок пријател или член на семејството, брачен хаос, вирус што ги исфрла нашите совршени планови надвор од курсот, семејна караница или е-пошта во која се известува дека сезонското отпуштање сега е трајно.

Иако вашата загуба може да изгледа многу поинаква од мојата, сите ние се соочуваме со истиот избор: Дали ќе ја избереме Вистината? Дали ќе веруваме дека Бог е добар и дека Тој нè сака? Дали ќе Му веруваме на непроменливиот кога сè ќе се промени?

Едно е да се каже „сакана сум“ кога избирате свадбена торта и планирате тропски меден месец. Сосема друго е да го изјавите тоа кога стоите покрај ковчег на погребот на вашиот вереник. Но, без разлика на загубата, тоа не ја менува Божјата љубов кон нас. Додека стоиме со илјада прашалници, сè уште можеме да имаме една сигурна доверба: нашата длабока болка не може да нè оддели од длабоката Божја љубов.



Тоа не е само желба за размислување; тоа е Божјото Слово! Римјаните 8:39 нѐ потсетува дека „ни височината, ни длабочината, ниту, пак, кое било друго создание нема да може да нѐ оддели од љубовта Божја во Христос Исус, нашиот Господ.“

Дали знаеш што значи ова? Тоа значи дека НИШТО не може да те одвои од Божјата љубов!

Ниту еден рак, долг од кредитна картичка или вирус не можат да те одвојат од Божјата цврста љубов. Ти си сакана.

Без сомнежи, разводот или катастрофата не можат да ја разблажат Неговата љубов или да те одвојат од Оној што ти ги брои солзите. Тој ги гледа твоите стравови и секогаш е блиску. Ти си сакана.

Твојата загуба може да те собори на колена, но не може да те откине од Неговата рака.

Во годишните времиња на загуба, запомнете, секогаш имате избор. Дозволете Божјите ветувања да бидат вашиот резервоар за кислород и Неговата љубов да биде единственото сигурно место на кое можете да застанете во хаосот од прашања. Тој е со вас, Тој е за вас и Тој ве сака.

***Господи, Ти благодарам за Твојата голема љубов кон мене во секој момент од мојот живот, вклучително и во годишните времиња на загуба и збунетост. Дури и кога очите ми се заматени од солзи, помогни ми јасно да те видам Тебе и Твојата раскошна љубов кон мене.***

***Превод: Ребека Пенева***

# ЛЕКЦИЈА ОД МАРИЈА

***1 Коринтјани 1:27***
***„но Бог го избра она што е безумно за овој свет за да ги посрами мудрите; Бог го избра она што е слабо во светот за да ги посрами силните“***

Има многу погрешни сфаќања за Марија. Од една страна, луѓето ја поставуваат на пиедестал, а од друга страна, таа е игнорирана и погрешно разбрана. Но, Марија била побожна личност која живеела во безбожно место.

И таа ни покажа дека е можно некој да живее побожен живот дури и додека живее среде безбожна средина. Марија живеела во Назарет, што во најголем дел, не била популарна дестинација.

Бог можел да избере некој од Рим да го носи Месијата. На крајот на краиштата, Рим во тоа време владеел со поголемиот дел од светот. Бог можел да избере некој од Ерусалим, духовната престолнина на светот. Или, Господ можеше да избере некој од Атина, интелектуалната и културната престолнина на светот.

Но, Бог не избра некого од ниту едно од овие места. Наместо тоа, Тој избра млада жена која живееше во Назарет.



Римските војници го заседоа Назарет, зафрлено место познато по својата злоба. Затоа Натанаил, кога слушна дека Исус е од Назарет, рече: „Може ли нешто добро да излезе од Назарет? (Јован 1:46).

Сепак, Бог ја избрал Марија и ова зафрлено место за да ја исполни својата намера. Тој избра непозната тинејџерка која живее на непознато место за да го донесе најпознатиот настан во човечката историја: раѓањето на Господ Исус Христос.

Се чини дека Бог користи невообичаени начини за да ги избере најнеочекуваните луѓе, за да ги остварат Неговите планови. Библијата е полна со примери на најобични поединци кои Бог ги избрал да направат најнеобични нешта.



Марија беше навистина скромна. Таа се изненади кога ѝ се јави ангелот Гаврил и ѝ рече: „Не плаши се, Марија, зашто си нашла милост пред Бога; и ете, ти ќе зачнеш во утробата и ќе родиш Син, и ќе Го наречеш со името Исус. Тој ќе биде голем и ќе се нарече Син на Севишниот; и ќе Му го даде Господ Бог престолот на Неговиот татко Давид;“ (Лука 1:30-32).

Кога размислуваме за одредени мажи и жени од Библијата, ги гледаме во нивната големина поради она што го направил Бог. Но запомнете, кога Бог го повика Давид, тој беше овчар чиј татко не го ни призна. Сепак, Бог му нареди на пророкот Самоил да го помаза Давид за следен цар на Израел.

Кога Бог го избра Гедеон, тој се криеше од своите непријатели. И кога Бог го повика Симон Петар, тој беше излезен да лови риба. Но Господ го подигна да биде еден од големите апостоли. И Бог ја избра Марија да го донесе Месијата.

***Апостол Павле напишал: „Гледате, браќа, какви сте вие, повиканите: не мнозина сте мудри по тело, не мнозина силни, не мнозина благородни; но Бог го избра она што е безумно за овој свет за да ги посрами мудрите; Бог го избра она што е слабо во светот за да ги посрами силните;“ (1. Коринтјаните 1:26-27).***

***Грег Лори***

*Исус е причината за Божиќ.*
*Тој е оној кој носи*
*вистинска надеж, мир,*
*радост и љубов за сите нас.*



# ИЗВЕШТАЈ ОД ОДМОРОТ ЗА ЖЕНИ



Целта на овој извештај е да го споделиме нашето искуство, да се заблагодариме на Бог за истото и секако да биде охрабрување за останатите жени кои не беа присутни. Истиот ќе биде поделен во неколку целини.

***Време, место и претставници***

Одморот за жени се одржа од 06.10-09.10 2023 година во Струга, хотел “Бисер”. На истиот имаше жени од различни заедници при Евангелско-методистичката црква во Македонија, како на пример: Струмица, Муртино, Моноспитово, Колешино и Скопје. Освен тоа имаше и гости: жени од Србија заедно со проповедничките Лила Баловски и Марка Вираг. Наш гостин беше и сопругата на новиот епископ, Valerie Zürcher. А водачи на библиските теми беа нашите гости од Швајцарија: Barbara Bünger (координатор на женската работа на ЕМЦ на нашата Централна Конференција за Средна и Јужна Европа), проповедничката Monika Schär, како и Heidi Streiff која се вклучи во богослужбата. Секако не смееме да ја заборавиме и нашата сестра Кристина Цеков, без која немаше ништо да разбереме, доколку не беше таа да ни послужи како преведувач.

***Тема***

Темата на овогодинешниот одмор беше “Стани и оди”. Наслов краток, навидум јасен и едноставен, но, во суштина премногу длабок. Беа презентирани неколку истории од Библијата: фатениот (парализираниот) човек (види Лука 5:17-26 (Марко 2:1-12 и Матеј 9:1-8)), Агара и односот со Бога (види 1 Мојсеева 16 -13) и болниот во бањата во Витезда (види Јован 5:1-15).

Во Лука 5:17-26 читаме дека патот до Исус беше блокиран, четворицата другари на фатениот се обидоа да влезат неколкупати, но неуспешно. Но, интересно е тоа што тие не се откажаа, туку се упорни и стануваат креативни и преку необичен пат се трудат да го однесат фатениот кај Исус (преку кровот на куќата). Од тоа можеме да научиме дека не постои само еден пат за да стигнеме до Исус. Дали сме отворени за нови и креативни патишта кои нѐ носат до Исус? Можеби за останатите присутни ова било чудно, но за Исус не! Исус го исцелува фатениот, благодарение на верата на неговите пријатели! Исус му заповеда на неподвижниот човек “Стани и оди”. Носениот станува носач. Резултатот од заповедта веднаш се гледа. Уште една потврда дека верата може планини да помести. Верата може невозможното да го направи во возможно преку Исус Христос. (На сликата 2 е направена визуелна соба за случката од страна на дел од жените).



Во Јован 5:1-15 читаме дека имаше болен кој боледувал триесет и осум години, кој никако не успеал до тогаш да влезе во водата прв откако истата ќе биде раздвижена од ангел Господов, кој слегувал одвреме навреме. Но, Исус кога го видел, знаел дека е болен многу години, па го прашал “Дали сакаш да оздравиш?”. Одговорот на болниот бил искрен, и со вера “Сакам Господи! Но, нема човек кој ќе ме спушти во бањата кога ќе се развижи водата!” Исус му одговара “Стани, земи си ја постелката и оди си!” Една силна заповед, базирана на верата на болниот човек, дека нема човек кој може да му помогне, туку само Бог преку Исус Христос! Нека ова биде една поука и за нас, дека сами не можеме ништо, само со Бог преку молитва и вера е можно сè.

Во 1 Мојсеева 16:1-13 читаме за историјата на слугинката Агара. Кога Сараја, жената на Авраам видела дека не може да добие деца, го наговорила Авраам да отиде кај слугинката Агара. Па откако Агара зачнала, почнала да ја презира господоарката своја. Тогаш со дозвола на Авраам, Сараја почнала да ја угнетува Агара, па по некое време Агара побегнала од неа. Таа побегнала од Сараја, но ангел Господов ја нашол во пустината на патот кај изворот во Сур. Агара била искрена пред ангелот Божји и му рекла зошто точно побегнала. Тогаш ангелот Божји бил јасен “Врати се кај господарката твоја и покори ѝ се! Ќе го умножам потомството твое! Ете, ти си бремена, и ќе родиш син и ќе го наречеш Исмаил, бидејќи Господ ја чу маката твоја!” Молитвата ја спаси Агара! Таа го виде Бог и остана жива! Таа Господ го нарекува Бог кој гледа сè. Дали тоа не е така? Секако, каде и да отидеме Бог нè гледа, Бог ги знае нашите маки, нашите проблеми. Прашањето е дали ние му се доверуваме на Бог? Дали ние сакаме тој да ни помогне во нашите тешки моменти? Или подобро ни е да стоиме со нив? Историјата на Сара, Авраам и слугинката Агара е пример дека секој во животот паѓа психички или телесно, но Бог е тој кој стои до нас и нè подига, секако ако му дозволиме!

Преку примерите видовме различни телесни парализи, кои не им дозволуваа да ги прават работите кои ги правеа другите луѓе. Но, постојат и други видови на парализа. Можеме да бидеме и психички парализирани. Овде влегуваат парализирани од моменти во минатото, од тоа како ќе биде во иднината, од случки во сегашноста. Парализирани од секојдневието, од луѓето, од обврските. Истите не ни дозволуваат храбро и со Божја помош да чекориме во сегашноста, во иднината, едноставно не ни дозволуваат да живееме.

За да можеме да излеземе од каков вид и на парализа да сме, потребно е да се молиме! Да веруваме! Да препуштиме/предадеме на БОГ сé! Промената кај секој еден од нас во тешки моменти, не е возможна од човек, но возможна е само од Бог! Сами не можеме! Само со Бог можеме! Треба да ги оставиме настрана оние работи кои нè парализираат, да се молиме на Бог за истите да ги отстрани нив од центарот на нашиот живот, да станеме и заедно со него да одиме напред. А тоа значи да му Веруваме на Бог дека тоа е така и дека тој може да направи промени, особено во тешки моменти. Исус нè сака! Исус го сака најдоброто за секој од нас!

***Останати активности***

Покрај духовната храна, не би ја изоставиле и храната за телото, која во суштина беше премногу во секој поглед, како и утринските вежби кои беа водени од Керол Патрич. Имаше организација за попладневна прошетка во Струга, како и целодневна прошетка низ Охрид заедно со професионален водич. Освен прошетката низ Охрид имавме и неколку часовен излет со брод, со чија помош можеше оддалеку да се видат убавините на Охрид и Охридското езеро. Замислете, сите овие убавини се дел од Божјите созданија. Слава на Бог!



Не би ги изоставиле и игрите за опуштање кои ги имавме вообичаено во моментите после вечерата, а кои беа организирани од страна на Мирјам и Дебора Баловски. Рачната изработка за нашиот животен тек до сега во форма на ланче, каде секоја мониста е симбол за некои битни моменти, луѓе, случки во нашиот живот. Животно ланче кое е ни помалку ни повеќе, но лична исповед на секоја една од нас. Во прилог е слика со изработките на присутните жени.





Меѓусебните разговори, охрабрувања, личните разговори со проповедничката Лила Баловски, изработките на благослов, стих или молитва за нашиот таен пријател, нешто што ќе остане охрабрување за нас понатаму.

Секако битен момент во ваква организација е и славењето на Бог. Спонтани, а сплотени сестрите Софија Трајковска, Дебора Баловски и Јасмина Вета Бuралиева ни послужија со нивните дарови за славење и водење.





***Благодарности***

Напрво би сакале да се заблагодариме на Бог, за неговото водство и сила на организаторите на овој одмор, и секако целокупното водство во текот на истиот. Понатаму би се заблагодариле на организаторката (Кристина Цеков), нашите предавачи, на Марка Вираг за организацијата на поклоните за помошниците кои се еден убав, практичен и симболичен поклон. Крпа со амблем од женската[1] служба во Македонија, како и за нејзините прекрасни колачи за секоја жена, кои се дел од нејзиното сведоштво.




[1] Амблемот е создаден од симболот на Евангелско-методистичка црква заедно со дрвото на животот, што е знак на жените на Светската Федерација на Методистичките Цркви во светот. Инаку, дрвото укажува на дрвото на животот во Откровението, чии лисја служат за излекување на народите (види Откровение 22:2)

Благодарност до Жаклина Манавска како водач на минибусот, како и грижата и организицијата за песнарките. Благодарност до жените за нивниот придонес во колачињата во делот на паузите, како и во домашното производство на традиционални македонски производи кои им беа поклонети на нашите гостите од Швајцарија. Благодарност до проповедничката Лила Баловски за нејзината спремност и отвореност за разговор за секоја една жена и спремноста да ни послужи со Господна вечера.





На сликата е секако главниот "виновник" за целата организација со Божјо водство, т.е. нашата сестра во Христос, Кристина Цеков заедно со нашите предавачи од Швајцарија.

***Заклучок***

Заедништвото со жените од нашите заедници има големо значење во христијанскиот живот. Споделувањето лични сведоштва, запознавања, славење, креативни работи и игри се нештата кои нè оттргнаа од секојдневието и ни помогнаа духовно да ги наполниме нашите батерии во овој краток период, а кои верувам дека ќе траат многу повеќе! Целокупното искуство е огромно и нема нешто со кое може да се спореди. Истото треба само да се искуси!

***Од сестрите во Христа***
***Јасмина Вета Буралиева***
***Елица Буралиева***



# Промена на перспективата

Адвент значи чекање.
Но вистината е,
дека Адвентот е само полн со врева и хаотичен.
Не верувам
дека ќе можам да се смирам,
дека ќе најдам пат кон внатрешен мир,
дека ќе можам да го примам она, што ќе дојде.
Имам чувство,
дека времето лета.
Не можам да верувам,
дека нешто големо ќе светне во мојот живот,
дека ќе можам да гледам на работите со други очи.
Сигурна сум,
дека Бог не е тука.
Како можеме да веруваме
Ништо нема да се смени
Кој може да каже:
Бог доаѓа на свет!

***И сега читај го текстот од долу нагоре!***


Соединети
во
љубов
КОЛОСЈАНИТЕ 2.2

# Белешки



Списанието е достапно онлајн на www.emc.mk
Годишна претплата: 200 ден.

Издава: ЕМЦ во Македонија
Уредник: Невенка Гиневска
Дебарца 9, 1000 Скопје
+389 75 200 012 / literatura@emc.mk